АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 02-829/1
28.12 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН
# на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО)
# за периодот 2021-2023 година

Врз основа на член 158 - ѕ точка 10 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2005; 70/2006; 81/2008; 47/2011; 135/2011, 112/2014 и 145/2015) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/2019), член 13 алинеја 11 од Статутот бр. 02-822/1 донесен на 4.12.2019 година, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница на Совет на експерти, одржана на ден 28.12.2020 година донесе

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН

на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО)

за периодот 2021-2023 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Стратегискиот план е документ кој се донесува врз основа на мисијата, визијата и организациските принципи и вредности на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) и ги содржи основните стратегиски цели за работа, во периодот од 2021 до 2023 година.

Стратегискиот план се ревидира секоја година пришто се изготвува во зависност од економското окружување, предизвиците во осигурителната област и претставува основа зз подготовка на годишните планови за работа на АСО.

## II. ЗАКОНСКА РАМКА

Основните цели на АСО се утврдени согласно Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2005; 70/2006; 81/2008; 47/2011; 135/2011, 112/2014 и 145/2015) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/2019) и други закони од областа како Законот за доброволно здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/12 и 192/15), Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од областа на капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 147/15 и 30/16) и Законот за спречување перење

пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19).

## III. МИСИЈА

Мисијата на АСО произлегува од законски утврдените цели, истата е видлива преку функцијата АСО да се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување, заштита на правата на осигурениците и корисниците на осигурителните производи и услуги и создавање на ефикасен, фер, стабилен и транспарентен осигурителен пазар.

## IV. ВИЗИЈА

Визијата на АСО е да ја зголеми и оправда довербата за способноста во спроведување на законските надлежности, да биде препознаена како професионална и транспарентна институција, вреднувано согласно меѓународните практики и стандарди и да придонесува за стабилност и развој на финансискиот систем и пазарот на осигурување како негов интегрален дел.

## V. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

Вредностите на АСО се утврдени од раководството во соработка и поддршка со вработените. При остварување на стратегиските цели, АСО ќе ги има предвид следните организациски принципи и вредности:

Одговорност - АСО ќе реагира на брз и разбирлив начин, доследно ќе ги реализира мисијата и целите и ќе промовира интегритет на пазарот на осигурување;

Квалитет – остварување на целите на АСО, очекувањата на вработените, клиентите и корисници на услугите на АСО, преку постојано подобрување на стандардите во работењето;

Совесност - во спроведување на своите активности АСО ќе се раководи од највисоките етички стандарди во комуницирањето и соработката со сите учесници;

Транспарентност - пласирање квалитетни информации за пазарот на осигурување, навремено и отворено информирање на јавноста, истовремено почитувајќи ја тајноста и доверливоста на личните и деловните податоци како и обезбедување навремено и јасно информирање на вработените;

Ефикасност - навремено постапување по барања доставени до АСО;

Отчетност – навремено изготвување и усвојување на финансискиот план, финансиските извештаи на АСО, годишниот извештај за работењето на АСО и годишниот извештај за состојбата на пазарот на осигурување;

Грижа за човечкиот капитал - унапредување и објективно вреднување на вештините, знаењето, времето и вложениот труд на вработените, обезбедување синергија и култура на споделување на знаењето и тимската работа.

## VI. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА АСО

Сигурен, транспарентен и фер осигурителен пазар е од суштинско значење со цел зајакнување на довербата на сите учесници на пазарот на осигурување. Преку спроведување на надлежноста, АСО ќе продолжи да работи самостојно и ефикасно да се справува со предизвиците што ги носат новите трендови во областа, глобализацијата, дигитализацијата и појавата на нови финансиски производи и услуги.

Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) ги утврди следниве стратегиски цели за периодот 2021 – 2023 година:

### 1. Зајакнување на супервизорските капацитети и вештини и давање на приоритет на супервизијата на пазарниот пристап и однесување на друштвата за осигурување и останатите даватели на осигурителни услуги кон договорувачите и корисниците на осигурување (осигурениците)

Супервизорските приоритети ќе бидат во насока на конзистентно навремено идентификување и намалување на потенцијалните ризици за стабилноста, преземање навремени супервизорски мерки и дејствија, следење на солвентната и ликвидностата позиција на субјектите, откривање на нефер продажни практики и однесување. Конзистентно, во фокусот на супервизијата ќе бидат оперативниот, ликвидносниот ризик, ризикот од перење пари, кредитниот ризик, но и идентификување на нови ризици кои очекувано би можеле да произлезат од тековните процеси на дигитализација и воведување на современи технологии и ризици поврзани со безбедноста на информациските системи и управувањето со деловниот континуитет на субјектите предмет на супервизија. Теренската супервизија ќе се спроведува согласно утврдените планови врз основа на квалитативните и квантитативните параметри за секој субјект предмет на супервизија. Вонтеренската супервизија како континуирана активнсот ќе се зголеми преку проверките на осигурителните субјекти во сегменти во кои АСО има донесено нова регулатива и изградено ставови за одредени прашања од областа на супервизијата.

Воспоставување на супервизија базирана на ризици и унапредување на процесите на корпоративно управување во субјектите предмет на супервизија ќе биде еден од предизвиците во овој период преку:

- утврдување на рамка и процеси за прием, обработка и известување од направени анализи на информации и податоци, изработка на ризични профили на друштвата за осигурување, следење на развојот на ризиците и управувањето со ризици во друштвата за осигурување и во зависност од

таквите анализи и документирани процеси зголемување односно намалување на интензитетот на супервизиите на субјектите односно процесите.

- воспоставување на критериуми за проценка на соодветноста и интегритетот на лицата кои вршат клучни функции во друштвото за осигурување, како и иматели на квалификувано учество во друштво за осигурување, во кои критериуми јасно ќе бидат искажани очекувањата на АСО еден од клучните приоритети на раководењето и управувањето во друштвото за осигурување да биде интегрирањето на интересите на осигурениците и корисниците на осигурување во деловните политики на дизајнирање на осигурителните производи, промоција и продажба на осигурителни производи, прием, обработка и решавање на барања за надомест на штети и осигурени суми, и општото пазарно однесување.

- воспоставување на критериуми за проценка на соодветноста и интегритетот на лицата кои вршат работи на посредување и застапување во осигурување, било тоа да се во рамки на осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување, банки, или самостојно како физички лица кои со договор за застапување вршат работи на застапување во осигурување. Во критериумите јасно ќе бидат искажани очекувањата на АСО при вршењето на дејноста на овие стручни лица да бидат јасно и недвосмислено интегрирани интересите на осигурениците и корисниците на осигурување.

На начинот на спроведување на супервизијата влијание ќе има и новата законска регулатива од аспект на поголема отчетност и транспарентност во работењето поврзано со заштита на правата на осигурениците и со нивното пазарно однесување. Заштитата на осигурениците ќе се прави и од аспект на проверка дали осигурителните производи одговараат на потребите на осигурениците, дали истите се нудат на фер и транспарентен начин и дали осигурениците ги имаат сите релевантни информации пред склучување на договорот за осигурување, како и дали се на соодветен начин третирани во периодот на траење на осигурувањето. Ваквите измени ќе предизвикаат прераспределба на задолженијата и работните обврски на вработените во АСО во насока на поголема посветеност и ангажман на разбирање на производите кои се нудат на осигурителниот пазар (проучување на општите, посебните и дополнителните услови за осигурување на друштвата за осигурување), финансиската состојба на друштвата за осигурување, континуираното оценување на соодветноста и интегритетот на носителите на клучни функции во друштвата за осигурување, но и на лицата кои се вклучени во дистрибуцијата на осигурителните производи.

## 2. Дигитализација на процесите во АСО

Во насока на следење на техничко-технолошкиот развој и поголема ефикасност на информацискиот систем, во наредниот период АСО ќе инвестира во воспоставување на современа инфраструктура на информацискиот систем. Во наредниот период АСО ќе се посвети на одржување на квалитетот на ИТ услугите, зголемување на безбедноста на информацискиот систем и управување со деловниот континуитет.

Во оваа насока, заради усогласување со стандардите на новиот регулаторен режим Солвентност 2, планирани се активности за набавка на нов софтвер кој ќе биде прилагоден на новиот начин на

прибирање и обработка на информации и податоци од субјектите кои се предмет на супервизија. Новото софтверско решение ќе треба да обезбеди автоматизирана селекција и обработка на информациите и податоците за супервизорски цели, да ја замени рачната обработка на податоци. Сето ова ќе овозможи и придонесе за поголема ефикасност и ефективност на лицата вклучени во процесот на супервизија, подготовка и продукција на посеопфатни анализи за секој субјект индивидуално и збирно и ќе обезбеди сигурна база на споредливи податоци и информации.

Исто така, предизвик за АСО ќе биде и имплемантацијата на новиот Правилник за минималните стандарди за информатичките системи кај субјектите на супервизија со цел заокружување и финализирање на почнатите процеси на автоматизација и дигитализација кај осигурителните субјекти и нивно интегрирање со новото софтверко решение на АСО.

## 3. Имплементирање на нова политика на управување со човечките ресурси која се базира на овозможување на градење на кариера според заслуги

Како член на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), АСО ќе ги следи и имплементира принципите и стандардите на ИАИС кои промовираат вредности на независност и самостојност во работењето на осигурителните регулатори. Во овој контекст од аспект на натамошно законско усогласување и обезбедување на целосна финансиска, оперативна и организациска независност, АСО ќе дава предлози и иницијативи за подобрување на законската рамка со цел обезбедување на целосно имплементирање на вредностите на независност и самостојност на нејзино функционирање и работење.

Од клучно значење ќе биде зајакнувањето на административните капацитети, управувањето со човечките ресурси преку зголемување на ефикасноста и мотивираноста на вработените, задржување на постојниот стручен кадар, зајакнување на процесот на селекција при вработување на нов кадар, зголемување на мотивираноста на вработените и следење и оценка на остварувањето на целите.

## 4. Промена на регулативата за осигурување со цел транспонирање на Европската регулатива за осигурување во националната регулатива

Заради целосно усогласување на националната законска регулатива со онаа на Европската Унија во наредниот период, АСО ќе продолжи со транспонирање на директивите, особено:

- Директивата за Солвентност 2 и
- Директивата за дистрибуција во осигурувањето.

Оваа регулатива ќе воспостави нови правила и принципи на домашниот пазар на осигурување, ќе продуцира поопсежни капитални барања за друштвата за осигурување, можност за давање нови

услуги, поголема заштита на правата на осигурениците, зајакнување на процесот на корпоративно управување, поголема транспарентност и отчетност на пазарните субјекти.

Исто така, огромен предизвик е и иднината на осигурителниот сектор во контекст на новите информациски технологии и процесите на дигитализација како и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европските заедници и нивните земји–членки (ССА) како правна рамка која ги регулира односите на Република Северна Македонија со Европската Унија.

Имајќи ја предвид функцијата на АСО да учествува во донесување на подзаконски акти согласно Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци, во наредниот период АСО во редовната соработка со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) ќе посвети внимание на подготовка на подзаконска регулатива од овој Закон.

Во наредниот тригодишен период, АСО ќе се придржува до определбата да ги следи и имплементира принципите, стандардите и добрите практики на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), ЕИОПА, ЕБРД- ИНФЕ и другите регулаторни органи на земјите членки на ЕУ. Исто така, ќе работи на усогласување на своето работење со останатите области како со Законот за заштита на лични податоци, Законот за заштита на укажувачи, Законот за пристап до информации од јавен карактер и други релевантни закони.

## 5. Зајакнување на корпоративното управување, соработката со институциите и транспарентноста во работењето

Во наредниот период АСО ќе продолжи со активности со кои ќе придонесат за унапредување на процесот на стратегиско планирање преку реално и објективно утврдување на приоритетите, унапредување на интерните процеси и процедури, континуирано ќе ја развива организациската структура и нејзините принципи и вредности.

Преку подобрување на координацијата меѓу сите организациони единици, подигнување на свеста на вработените во однос на ризиците во работењето, поддршка на функцијата на внатрешна ревизија како независна и објективна активност, АСО во континуитет ќе го унапредува корпоративното однесување, ќе ја зголемува транспарентноста преку редовна комуникација со јавноста и ќе го зајакнува системот за управување со квалитет.

АСО ќе соработува со релевантни тела и институции заради размена на искуство и знаење, ќе ја продлабочува соработката со супервизорски органи, меѓународни финансиски институции, други стручни тела и институции. Особено ќе ја унапредува соработката со ИАИС, ЕИОПА, ОЕЦД-ИНФЕ, Светска банка и други.

Заради својата улога на финансикиот пазар, АСО ќе учествува во различни национални реформски проекти каде ќе има потреба од вклучување на повеќе релевантни институции и со своја експертиза ќе придонесува во спроведување на овие активности и ќе учествува во изработка на стратегиски документи.

Предизвик за АСО продолжува да биде подигнување на свеста на јавноста за улогата на осигурувањето и супервизијата во насока на натамошен развој на пазарот.на осигурување. Во наредниот тригодишен период, АСО ќе продолжи да ја зајакнува свеста на јавноста за осигурувањето бидејќи тоа е клучната улога за стимулирање на побарувачката и придонесува за промоција и развој на осигурувањето обезбедувајќи директна заштита на потрошувачите. Во оваа насока АСО ќе се залага целосно да ги имплементира принципите на ИАИС согласно кои регулаторните органи имаат важна улога во промовирање на свесноста за осигурувањето и тоа: принципот 19 - вршење на осигурување ( ICP 19 – Conduct of business), кој регулира друштвата за осигурување и посредниците во осигурувањето да применуваат фер третман кон потрошувачите не само при купување на договорот за осигурување туку и во текот на сервисирање на договорот и кога ќе произлезат обврските за надомест и исплата на штета и принципот 18 – посредување во осигурување (ICP 18–Intermediaries), кој регулира посредниците во осигурувањето да ја вршат својата улога на професионален начин и транспарентно, односно ја истакнува нивната важна улога во промовирање на довербата на јавноста во осигурителниот сектор и нивната улога во промовирање на финансиската свесност.

Во своето работење АСО ќе продолжи да го применува концептот на општествена одговорност како збир на сите економски, правни и етички очекувања од заедницата со цел постигнување повисоки заеднички и општествени цели.

## 6. Преодни и завршни одредби

Стратегискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) за периодот 2021-2023 година влегува во сила на денот на донесување, а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

Составен дел на овој план е акциски план кој содржи дефинирани конкретни задачи и активности, носители на задачите, рокови, индикатори за исполнување и финансиски импликации.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**

Крсте Шајноски